Неофицијален пречистен текст[1]

Врз основа на членот 158-ѕ, точка 1) и членот 154-е а во врска со членот 154-ш став (3) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015 и 23/2016), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА ЗА ВРШЕЊЕ РАБОТИ НА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ

## Општи одредби
## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување (во натамошниот текст: обука за застапник).

## Обука за застапник
## Член 2

(1) Обуката за застапник ја организира и спроведува Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата), врз основа на констатирана потреба, но најмалку еднаш годишно.

(2) Агенцијата со оглас во дневен печат и на својата веб-страница ги известува заинтересираните кандидати за времето и местото на одржување на обуката за застапник.

(3) Доколку не се пријават најмалку 5 (пет) кандидати, Агенцијата може да не ја спроведе обуката за застапник.

(4) Со обуката за застапник, согласно член 4 од Правилникот за начинот и постапката за спроведување стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување („Службен

[1] Пречистениот текст на Правилникот е изготвен врз основа на текстот на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2015) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2017). Пречистениот текст нема правна сила. За правни цели, единствено валидни се текстовите кои што се објавени во претходно наведените Службени весници.

весник на Република Македонија“ бр. 118/2014), се опфатени 6 (девет) подрачја – модули и тоа:

1. Основи на управување со ризик и осигурување;
2. Законска регулатива од областа на осигурување;
3. Трговско и облигационо право;
4. Застапување во осигурување
5. Осигурување на живот;и
6. Неживотно осигурување.

(5) Деталната содржина на секој од модулите од обуката за застапник е разработена во Наставната програма за полагање стручен испит за застапник (во натамошниот текст: Наставна програма), која ја утврдува Агенцијата и во истата се содржани градивото, прописите и литературата.

(6) Наставната програма од став (4) на овој член Агенцијата ја објавува на нејзината веб-страница.

(7) Обуката за застапник се состои од предавања по модулите од став (4) на овој член и презентација во power point, согласно Прирачникот за подготвување на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурување, чиј издавач е Агенција.

(8) Обуката за застапник за предметите од Наставната програма ја спроведуваат предавачи (едукатори) ангажирани од страна на Агенцијата.

(9) Предавачите (едукатори) ангажирани од страна на Агенцијата за спроведување на обуката за застапник треба да поседуваат универзитетско образование и работно искуство од десет години во соодветната област за која ќе држат предавања.

(10) Во спроведување на обуката за застапник, може да учествуваат и признати стручњаци од праксата од земјата и странство.

**Постапка за спроведување на обука за застапник**

**Член 3**

(1) За посета на обуката за застапник, кандидатот до Агенцијата поднесува пријава за учество на обука за застапник.

(2) Со пријавата за учество на обуката за застапник кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит за застапник пропишани во член 134-в став (2) точки 2), 3) и 6) од Законот за супервизија на осигурување и член 2 од Правилникот за начинот и постапката за спроведување стручен испит за

вршење работи на застапување во осигурување и доказ за уплатен надоместок за учество на обука и за полагање на стручниот испит за застапник.

(3) Висината на надоместокот, пресметан врз основа на реално направените трошоци за обука и полагање на стручниот испит за застапник неопходни за спроведување на првиот и вториот дел од стручниот испит за застапник, подготовката на базите на прашања, спроведување на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на уверенија, е утврден во Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата.

(5) Надоместокот за учество на обука и за полагање на стручен испит за застапник кандидатите го уплаќаат на сметката на Агенцијата, најдоцна 15 (петнаесет) дена пред денот определен за почеток на обуката за застапник.

(6) Ако надоместокот за учество на обука и за полагање на стручен испит за застапник кандидатот не го уплати на сметката на Агенцијата најдоцна 15 (петнаесет) дена пред денот определен за почеток на обуката за застапник, на кандидатот нема да му се дозволи присуство на обуката за застапник, односно полагање на стручниот испит за застапник.

(7) Датумот и времето на одржување на обуката за застапник се објавува на веб-страницата на Агенцијата најмалку 3 дена пред одржување на обуката за застапник.

**Член 4**

(1) Обуката за застапник се одржува во просторија, предавална за одржување на обука.

(2) Просторот и условите за одржување на обуката за застапник ги обезбедува правно лице со кое Агенцијата склучила Договор за изнајмување на простории за обука.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Член 6**

**(Член 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување (“Службен весник на Република Макеоднија” бр. 16/2017)**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Претседател на Советот на експерти,**
**Климе Попоски**